**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 декември 2021 година

## Соопштение за печат

## Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: трет квартал 2021 година

На крајот на третиот квартал од 2021 година, **бруто надворешниот долг** изнесува 9.870 милиони евра и забележа квартално намалување од 300 милиони евра. **Бруто надворешните побарувања** забележаа намалување од 235 милиони евра и изнесуваат 6.532 милиона евра. Поголемото квартално намалување на обврските во однос на побарувањата доведе до намалување на **нето надворешниот долг** за 64 милиони евра, со што на крајот на септември 2021 година тој изнесува 3.338 милиони евра. Притоа, намалувањето на нето надворешниот долг во третиот квартал произлегува од намалувањето на приватниот нето-долг за 81 милион евра, во услови на зголемен јавен нето-долг за 17 милиона евра.

### Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

| | 31.12.2020 | | 30.06.2021 | | 30.09.2021 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | %БДП | мил. евра | %БДП | мил. евра | %БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **8,536.1** | **80.3** | **10,169.9** | **86.0** | **9,870.3** | **83.5** | **-299.6** | **-2.9** | **-2.5** | **1,334.2** | **15.6** | **3.2** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | ***8,536.1*** | ***80.3*** | ***9,696.3*** | ***82.0*** | ***9,372.9*** | ***79.3*** | ***-323.4*** | ***-3.3*** | ***-2.7*** | ***836.8*** | ***9.8*** | ***-1.0*** |
| Долгорочен долг | 6,796.7 | 63.9 | 7,554.8 | 63.9 | 7,281.8 | 61.6 | -273.0 | -3.6 | -2.3 | 485.1 | 7.1 | -2.3 |
| Краткорочен долг | 1,739.5 | 16.4 | 2,615.1 | 22.1 | 2,588.5 | 21.9 | -26.5 | -1.0 | -0.2 | 849.1 | 48.8 | 5.5 |
| Јавен долг | 4,301.5 | 40.4 | 5,458.7 | 46.2 | 5,157.3 | 43.6 | -301.4 | -5.5 | -2.6 | 855.8 | 19.9 | 3.2 |
| Приватен долг | 4,234.6 | 39.8 | 4,711.2 | 39.9 | 4,713.1 | 39.9 | 1.9 | 0.0 | 0.0 | 478.4 | 11.3 | 0.1 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **5,236.8** | **49.2** | **6,767.8** | **57.3** | **6,532.4** | **55.3** | **-235.4** | **-3.5** | **-2.0** | **1,295.6** | **24.7** | **6.0** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | ***5,236.8*** | ***49.2*** | ***6,369.0*** | ***53.9*** | ***6,110.1*** | ***51.7*** | ***-259.0*** | ***-4.1*** | ***-2.2*** | ***873.3*** | ***16.7*** | ***2.5*** |
| **Нето надворешен долг** | **3,299.3** | **31.0** | **3,402.1** | **28.8** | **3,337.9** | **28.2** | **-64.2** | **-1.9** | **-0.5** | **38.6** | **1.2** | **-2.8** |
| ***Нето надворешен долг без репо*** | ***3,299.3*** | ***31.0*** | ***3,327.2*** | ***28.1*** | ***3,262.8*** | ***27.6*** | ***-64.4*** | ***-1.9*** | ***-0.5*** | ***-36.5*** | ***-1.1*** | ***-3.4*** |
| **МИП, нето** | **-6,900.6** | **-64.9** | **-7,118.3** | **-60.2** | **-7,099.5** | **-60.1** | **18.7** | **-0.3** | **0.2** | **-198.9** | **2.9** | **4.8** |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2020 година е претходен (извор: Државен завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, трето тримесечје од 2021 година“ од 7.12.2021 година). Податокот за 2021 година е проекција на НБРСМ (октомври 2021 година).

Извор: НБРСМ, ДЗС.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција**[1], на крајот на септември 2021 година, изнесува 7.100 милиони евра, или 60,1% од проектираниот БДП[2] за 2021 година. Најголемиот дел од овој износ, или 84%, се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 77% се врз основа на сопственички капитал.

[1] Меѓународната инвестициска позиција (МИП) претставува статистички извештај којшто ги прикажува состојбите на надворешните финансиски средства и финансиски обврски на Република Северна Македонија на определен датум, т.е. побарувањата од и обврските кон нерезиденти врз основа на финансиски инструменти. Притоа, негативната нето меѓународна инвестициска позиција значи дека финансиските обврски ги надминуваат финансиските побарувања од нерезидентите.

[2] Податокот за БДП за 2021 година е проекција на НБРСМ (октомври 2021).

## *Бруто надворешен долг*

Бруто надворешниот долг, на крајот на септември од 2021 година, изнесува 9.870 милиони евра (или 83,5% од проектираниот БДП) и бележи квартално намалување од 300 милиони евра (или за 2,9%). Доколку од долгот се исклучи ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка[3], бруто-долгот бележи квартално намалување од 323 милиони евра. Оваа квартална промена е резултат на намалениот јавен долг (за 325 милиони евра), при мало зголемување на приватниот долг (за 2 милиона евра). Кварталниот пад на јавниот долг се должи на намалените обврски на секторот „држава" за 474 милиони евра[4] и на јавните банки и јавните претпријатија за 14 милиона евра, во услови на раст на обврските на централната банка за 163 милиони евра[5]. Кварталниот раст на приватниот долг се должи на зголемениот долг на капитално поврзаните субјекти (за 46 милиони евра), при намалување на обврските на приватните банки (за 25 милиони евра) и на небанкарскиот приватен сектор (за 19 милиони евра).







Извор: НБРСМ, ДЗС.

Во споредба со крајот на 2020 година, бруто надворешниот долг е повисок за 1.334 милиони евра, или за 15,6%. Со исклучен ефект од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка, бруто надворешниот долг е зголемен за 837 милиони евра, при раст на приватниот надворешен долг (за 478 милиони евра) и јавниот долг (за 358 милиони евра). Зголемувањето на приватниот долг се должи на зголемениот долг на капитално поврзаните субјекти (за 355 милиони евра) и небанкарскиот приватен

---

[3] Специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка се однесуваат на репо-договорите и други операции поврзани со управувањето со девизните резерви. При склучувањето на овие трансакции се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето на овие трансакции во обратна насока, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРСМ најчесто истовремено ги извршува овие трансакции во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи најчесто се склучуваат истовремено, не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг, односно овие трансакции вообичаено имаат неутрален ефект на нето-основа, иако постојат и исклучоци, кога склучените трансакции не се со идентичен износ во двете насоки.

[4] Отплатена е третата емисија на еврообврзници во номинален износ од 500 милиони евра.

[5] Износ доделен во рамките на новата општа распределба на специјални права на влечење (СПВ) на ММФ.

сектор (за 142 милиона евра), при намален долг кај приватните банки (за 18 милиони евра). Повисокиот јавен долг е резултат на растот на долгот кај секторот „држава" за 199 милиони евра и долгот на централната банка за 164 милиони евра (согласно со новата општа распределба на специјалните права на влечење на ММФ), во услови на пад на долгот кај јавните банки и јавни претпријатија за 5 милиони евра.

## *Бруто надворешни побарувања*

Бруто надворешните побарувања, на крајот на третиот квартал од 2021 година, изнесуваат 6.532 милиона евра (или 55,3% од проектираниот БДП) и оствarија квартално намалување од 235 милиони евра (или за 3,5%). Доколку се исклучи ефектот од специфичните активности на централната банка поврзани со управувањето со девизните резерви, бруто надворешните побарувања се намалени за 259 милиони евра и изнесуваат 6.110 милиони евра. Оваа квартална промена е резултат на намалените јавни побарувања за 342 милиона евра, при раст на приватните побарувања за 83 милиони евра. Падот на јавните побарувања е резултат на намалените побарувања на централната банка, додека растот на приватните побарувања произлегува од зголемените побарувања на капитално поврзаните субјекти (за 99 милиони евра) и на депозитните институции (за 22 милиона евра), при намалени побарувања кај останатите сектори (за 39 милиони евра).

Во споредба со крајот на претходната година, бруто надворешните побарувања се повисоки за 1.296 милиони евра. Без ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка, бруто надворешните побарувања се зголемени за 873 милиони евра, и тоа како резултат на зголемените приватни и јавни побарувања (за 530 и 343 милиони евра, соодветно). Растот на приватните побарувања се објаснува со зголемените побарувања на капитално поврзаните субјекти (за 384 милиони евра) и останатите сектори (за 166 милиони евра), при намалени побарувања кај депозитните институции (за 20 милиони евра), додека зголемените јавни побарувања се одраз на порастот на официјалните девизни резерви на централната банка.







Извор: НБРСМ, ДЗС.

## *Нето надворешен долг*

На 30.9.2021 година, нето надворешниот долг изнесува 3.338 милиони евра (или 28,2% од проектираниот БДП). Нето надворешниот долг на земјата во третиот квартал од 2021 година е намален за 64 милиони евра, или за 1,9%. Од аспект на структурата, и понатаму поголемо учество во вкупниот нето-долг има приватниот нето-долг со 59%.

Во однос на крајот на 2020 година, нето надворешниот долг е зголемен за 39 милиони евра (или 1,2%), при зголемување на нето јавниот долг (за 91 милион евра), во услови на намалување на нето приватниот долг (за 52 милиона евра).







Извор: НБРСМ, ДЗС.

## *Меѓународна инвестициска позиција, нето*

Во текот на третиот квартал од 2021 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е намалена за 19 милиони евра и изнесува 7.100 милиони евра, што претставува 60,1% од проектираниот БДП за 2021 година.

Кварталното намалување на негативната нето МИП произлегува од поголемото намалување на обврските (за 224 милиони евра) во однос на намалените средства (за 206 милиони евра). Анализирано по инструменти, нето-обврските врз основа на должнички инструменти бележат намалување за 64 милиони евра, додека нето-обврските врз основа на сопственички инструменти се зголемени за 45 милиони евра.

Во споредба со крајот на 2020 година, негативната МИП, нето, е зголемена за 199 милиони евра, како резултат на растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 160 милиони евра) и должнички инструменти (за 39 милиони евра).

## Меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

(во милиони евра)

| МИП, по инструменти | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | Кв.1 2020 | Кв.2 2020 | Кв.3 2020 | Кв.4 2020 | Кв.1 2021 | Кв.2 2021 | Кв.3 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Меѓународна инвестициска позиција, нето** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,549.0** | **-5,082.7** | **-5,576.0** | **-5,822.5** | **-6,039.5** | **-6,458.4** | **-6,590.7** | **-6,570.1** | **-6,728.0** | **-6,900.6** | **-6,949.3** | **-7,118.3** | **-7,099.5** |
| **Средства** | **4,257.5** | **4,082.5** | **4,634.0** | **4,571.9** | **5,171.3** | **5,157.3** | **5,913.6** | **6,163.8** | **6,180.7** | **6,699.3** | **6,858.4** | **6,172.5** | **7,525.8** | **7,821.0** | **7,615.3** |
| Директни инвестиции | 533.6 | 617.8 | 475.6 | 655.0 | 811.9 | 967.6 | 896.2 | 936.8 | 1,036.5 | 1,018.7 | 1,060.5 | 784.3 | 1,122.0 | 1,121.7 | 1,236.3 |
| Портфолио инвестиции | 63.1 | 107.7 | 155.0 | 212.6 | 255.2 | 300.2 | 321.2 | 406.1 | 352.5 | 402.3 | 429.1 | 470.9 | 515.5 | 550.4 | 563.9 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.0 | 0.9 | 0.9 | 1.0 | 1.2 | 2.8 | 2.9 | 4.4 | 4.4 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 4.3 |
| Валути и депозити | 537.0 | 540.0 | 623.6 | 615.4 | 627.3 | 635.5 | 694.0 | 580.0 | 559.8 | 556.7 | 559.1 | 562.9 | 524.3 | 522.5 | 540.7 |
| Заеми | 246.4 | 91.3 | 98.2 | 67.1 | 52.1 | 56.1 | 74.5 | 79.1 | 294.5 | 160.2 | 310.8 | 87.3 | 393.0 | 492.0 | 522.9 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 684.1 | 730.3 | 842.7 | 757.4 | 809.6 | 858.8 | 1,057.2 | 894.4 | 915.4 | 916.8 | 1,014.0 | 902.3 | 1,027.1 | 1,098.5 | 1,055.9 |
| Останати сметки за наплата | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.7 | 0.5 | 0.1 | 0.5 | 0.3 | 0.3 | 0.4 | 0.2 | 0.4 | 0.3 | 0.3 | 0.6 |
| Девизни резерви | 2,193.3 | 1,993.0 | 2,436.5 | 2,261.8 | 2,613.4 | 2,336.3 | 2,867.1 | 3,262.6 | 3,017.3 | 3,639.7 | 3,480.2 | 3,359.9 | 3,939.2 | 4,031.1 | 3,690.7 |
| **Обврски** | **8,435.1** | **8,640.8** | **9,183.0** | **9,654.6** | **10,747.3** | **10,979.8** | **11,953.0** | **12,622.2** | **12,771.4** | **13,269.4** | **13,586.4** | **13,073.1** | **14,475.1** | **14,939.3** | **14,714.8** |
| Директни инвестиции | 4,146.8 | 4,485.7 | 4,378.3 | 4,951.3 | 5,392.2 | 5,598.1 | 6,141.3 | 6,580.0 | 6,742.1 | 6,653.9 | 6,729.5 | 6,537.1 | 6,876.1 | 7,082.0 | 7,202.2 |
| Портфолио инвестиции | 408.3 | 253.2 | 776.6 | 848.8 | 1,362.2 | 1,476.3 | 1,813.2 | 1,730.7 | 1,648.9 | 2,285.7 | 2,287.4 | 2,103.8 | 2,698.7 | 2,703.5 | 2,216.1 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.0 | 4.1 | 4.4 | 4.3 | 6.0 | 2.3 | 4.2 | 4.0 | 4.3 | 4.5 | 4.8 | 5.0 | 5.0 | 5.0 | 4.9 |
| Валути и депозити | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 148.5 | 174.2 | 195.2 | 206.2 | 254.2 | 259.6 | 276.5 | 238.6 | 253.3 | 272.8 | 271.0 | 226.2 |
| Заеми | 2,771.8 | 2,883.1 | 3,024.4 | 2,961.7 | 3,014.7 | 2,872.0 | 2,883.4 | 3,100.9 | 3,180.8 | 3,195.4 | 3,390.6 | 3,267.2 | 3,616.9 | 3,850.7 | 3,876.6 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 832.8 | 773.2 | 763.4 | 656.7 | 714.6 | 757.7 | 824.8 | 871.1 | 854.5 | 773.3 | 856.6 | 827.8 | 926.4 | 948.4 | 946.9 |
| Останати сметки за плаќање | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 83.2 | 78.2 | 79.8 | 81.3 | 81.3 | 80.0 | 78.9 | 77.4 | 79.2 | 78.7 | 241.9 |

Извор: НБРСМ.







Извор: НБРСМ, ДЗС.

## ***Ревизии на податоци***

Податоците за бруто надворешниот долг и побарувањата во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари-јуни 2021 година. Промените кај бруто надворешниот долг и побарувањата произлегуваат од подобриот опфат на податоците кај трговските кредити и аванси и заемите. Од аспект на насоката на промените, во двата квартала на 2021 година, ревизијата на податоците доведе до зголемување на бруто надворешниот долг (за 3,6 и 11 милиони евра, соодветно) и бруто надворешните побарувања (за 3,8 и 4,2 милиона евра, соодветно). Истовремено, овие промени се одразија и кај нето надворешниот долг, но и кај МИП, нето, во првиот квартал од 2021 година како намалување на нето надворешниот долг и пониска негативна нето МИП (за 0,3 милиони евра и 0,2 милиона евра, соодветно), а во вториот квартал од 2021 година како

зголемување на нето надворешниот долг и повисока негативна нето МИП (за 6,8 милиони евра).

### ***Придружни информации***

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/nadvoresen_dolg.nspx

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/megunarodna_investiciska_pozicija.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/content/statistika/ND/metodologija/Metodologija_nadvoresen_dolg_5_2_2018.pdf

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/content/statistika/mip/metodologija/Metodologija_MIP_BPM6_9_10_2018.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 31 март 2022 година (референтен пресек заклучно со декември 2021 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).